СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 27 Год. LXI Вторник, 26 април 2005 Цена на овој број е 390 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

Стр.

424. **Одлука** за помилување на осудени лица. 2
425. **Одлука** за верификација на мандатот на пратеници во Собранието на Република Македонија..... 2
426. **Одлука** за именување на претседател и членови на Комисијата за електронски комуникации..... 2
427. **Одлука** за разрешување од функцијата судија на Апелациониот суд-Скопје..... 2
428. **Одлука** за разрешување од функцијата судија на Апелациониот суд-Битола..... 3
429. **Одлука** за разрешување од функцијата судија на Апелациониот суд-Битола..... 3
430. **Одлука** за разрешување од функцијата судија на Основниот суд Скопје II - Скопје..... 3
431. **Одлука** за разрешување од функцијата судија на Основниот суд Скопје II - Скопје..... 3
432. **Одлука** за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство - Скопје 3
433. **Одлука** за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство-Тетово..... 3
434. **Одлука** за разрешување од функцијата судии поротници во Основниот суд Скопје I - Скопје..... 4
435. **Одлука** за избор на судии поротници во Основниот суд - Кичево..... 4
436. **Одлука** за избор на судии поротници во Основниот суд - Охрид..... 4
437. **Одлука** за именување член на Советот на Народната банка на Република Македонија..... 5
438. **Одлука** за огласување именување заменици на јавните обвинители во Основните јавни обвинителства..... 5
439. **Одлука** за огласување именување јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Берово и во Кичево.... 6

Стр.

440. **Одлука** за огласување именување заменици на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола и во Скопје..... 6
441. **Одлука** за обезбедување на станови за спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства..... 6
442. **Одлука** за доделување средства за постдипломски студии од областа на ЕУ во странство за 2005/2006 година.. 7
443. **Одлука** за повторно огласување на продажба на објектот "Светски Бизнис Центар" - Скопје по пат на лицитација..... 8
444. **Програма** за поддршка на претпријемништвото и создавање на конкурентност во малото стопанство на Република Македонија за 2005 година.... 8
445. **Програма** за ревитализација на селата во 2005 година..... 10
446. **Решение** за овластување за вршење на прегледи и испитувања по прописите за заштита при работа..... 11
447. **Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Пробиштип..... 11
448. **Наредба** за забрана на производство, промет и употреба на детергенти за машинско перење на текстилни производи со содржина на фосфор во органска или неорганска форма со над 0,5% тежински..... 11
449. **Листа** на нови одобрени сорти на странски земјоделски растенија во Република Македонија..... 12

		Стр.
450.	**Решение** на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 26/2005 од 30 март 2005 година.....	**13**
451.	**Решение** на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 120/2003, У. бр. 145/2003, У. бр. 179/2003 од 30 март 2005 година.....	**14**
452.	**Издвоено мислење** на Решението У. бр. 120/2003, У. бр. 145/2003 и У. бр. 179/2003 од 30 март 2005 година, со кое се отфрлаат иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуката за измена на регулирани цени на телекомуникациски услуги бр. 20692/1 од 24 април 2003 година на АД "Македонски телекомуникации" - Скопје, во делот во кое е утврдена висината на цената на месечната претплата по телефонски приклучок, односно член 1 точка 2 од оваа одлука.....	**16**
453.	**Издвоено мислење** на Решението У. бр. 120/2003, У. бр. 145/2003 и У. бр. 179/2003 од 30 март 2005 година.....	**17**
	Огласен дел.....	**1-140**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

424.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 од Законот за помилување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 1 година на осудените лица:

1. Петре Љубе Петковски од Охрид, во траење од 3 месеци,
2. Александар Бојчо Ѓорѓиев од Радовиш, во траење од 4 месеци,
3. Симе Злате Златановски од с.Брвеница, во траење од 6 месеци,
4. Сашо Панче Самоиловски од с.Брвеница, во траење од 6 месеци.

II

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 2 години на осудените лица:

1. Зоранчо Амет Пеливанов од Кавадарци, во траење од 1 година,
2. Мирко Младен Богдановски од с.Брвеница, во траење од 5 месеци,
3. Киро Борис Стојменовски од Делчево, во траење од 5 месеци,
4. Дејанчо Ѓорги Врнчовски од с.Чанаклија, во траење од 6 месеци.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-273
25 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

425.

Врз основа на член 63 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 20 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се верифицира мандатот на пратениците:
- Александар Флоровски,
- Добре Кековски,
- Милка Митковска,
- Тома Глигоријевски и
- Семијал Хасани.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1457/1
20 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

426.

Врз основа на членовите 11 и 12 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2005 година), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 20 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

I. За претседател и членови на Комисијата за електронски комуникации се именуваат:

а) за претседател

Софче Јовановска, Стопанска комора на Македонија;

б) за членови:

д-р Пеце Митревски, професор на Техничкиот факултет во Битола, Бардил Јашари, Фондација Институт отворено општество - Македонија и Лилјана Митевска, Секретаријат за законодавство во Владата на Република Македонија.

II. Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата за електронски комуникации во првиот состав е:
- за претседателот - пет години,
- за првите двајца членови - четири години и
- за вторите двајца членови - три години.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1458/1
20 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

427.

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД - СКОПЈЕ

1. Од функцијата судија на Апелациониот суд - Скопје, се разрешува Стефка Чесноска-Танева, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1498/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

428.

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД - БИТОЛА

1. Од функцијата судија на Апелациониот суд - Битола, се разрешува Михајло Нојков, по негово барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1497/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

429.

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД - БИТОЛА

1. Од функцијата судија на Апелациониот суд - Битола, се разрешува Блаже Стојановски, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1496/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

430.

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

1. Од функцијата судија на Основниот суд Скопје II - Скопје, се разрешува Лина Петровска, по нејзино барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1495/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

431.

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 6 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

1. Од функцијата судија на Основниот суд Скопје II - Скопје, се разрешува Радован Бурјаковски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1494/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

432.

Врз основа на член 58 став 1 точка 3 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО - СКОПЈЕ

1. Од функцијата заменик на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство - Скопје, се разрешува Глигор Серафимовски, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1493/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

433.

Врз основа на член 58 став 1 точка 3 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО - ТЕТОВО

1. Од функцијата заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Тетово се разрешува Исмаил Фазлиу, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1492/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

434.

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИИ ПОРОТНИЦИ ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

1. Од функцијата судии поротници во Основниот суд Скопје I - Скопје, по нивно барање се разрешуваат:
Петар Андреевски,
Бранислав Максимовски,
Сеткије Фифа,
Сузана Костовска,
Вељан Стојковски.
Верица Сотирова и
Јовица Костовски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1499/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

435.

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ ВО ОСНОВНИОТ СУД - КИЧЕВО

I. За судии поротници во Основниот суд - Кичево се избрани:
1. Снежана Атанасоска,
2. Асан Абази,
3. Мустафа Арбане,
4. Катерина Анѓелеска,
5. Горанчо Аризанкоски,
6. Стојан Божиноски,
7. Раим Бисери,
8. Даниела Божиноска,
9. Снежана Божиноска,
10. Борко Благоески,
11. Верка Божиноска,
12. Рецеп Вејсели,
13. Југослав Волчески,
14. Милосим Војнески,
15. Василка Велјаноска,
16. Благица Гаврилоска,
17. Ѕлаѓан Грозданоски,
18. Ѓуро Грозданоски,
19. Миле Дејаноски,
20. Слободанка Димоска,
21. Силвана Димоска,
22. Фатмир Емврулоски,
23. Рушит Емроја,
24. Мимоза Здравеска,
25. Леонора Илиоска,
26. Фатмире Имери,
27. Никодинка Илијоска,
28. Сулејман Иљази,
29. Елизабета Илијоска,
30. Весна Јовеска,
31. Сузана Јанкоска,
32. Снежана Јошеска,
33. Драге Јосифоски,
34. Милчо Јаковлески,
35. Мице Крстески,
36. Васо Коруноски,
37. Славица Крстеска,
38. Соња Крстеска,
39. Оливера Костадиноска,
40. Владо Крстески,
41. Љупчо Коруноски,
42. Азем Љутвиу,
43. Екрем Љутвиу,
44. Соња Митреска,
45. Емин Мамудоски,
46. Зухрије Муслиу,
47. Бошко Милошески,
48. Бранко Маркоски,
49. Билјана Митреска,
50. Дола Митреска,
51. Кире Нокоски,
52. Ариф Нуредини,
53. Марија Настеска,
54. Татјана Најдеска,
55. Предраг Николиќ,
56. Оломан Оломани,
57. Нуредин Османи,
58. Силвана Петкоска,
59. Радован Пејоски,
60. Нада Пејоска,
61. Цветанка Попоска,
62. Весна Петреска,
63. Бегзат Рахмани,
64. Узеир Реџепоски,
65. Љубомир Стојаноски,
66. Пецо Столески,
67. Атибе Садику,
68. Благоја Спасеноски,
69. Зорица Стефаноска,
70. Војкица Симјаноска,
71. Милан Стојкоски,
72. Тони Симјаноски,
73. Ирена Станкоска,
74. Виолета Спасеноска,
75. Ѓуро Србиноски,
76. Трене Стојкоски,
77. Анѓелко Стојчески,
78. Гојко Стаменкоски,
79. Дунавка Трајкоска,
80. Димитрија Цветаноски,
81. Наташа Цветаноска,
82. Барије Чупи,
83. Влатко Цикоски,
84. Весна Штерјоска и
85. Вукица Шурбаноска.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1491/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

436.

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ ВО ОСНОВНИОТ СУД - ОХРИД

I. За судии поротници во Основниот суд - Охрид се избрани:
1. Благоја Стефановски,
2. Љупчо Поповски,

3. Андон Киселинов,
4. Љупчо Рибароски,
5. Трајко Ангелески,
6. Наум Цветкоски,
7. Кирил Митрески,
8. Лилјана Тодороска,
9. Муамер Доко,
10. Александар Блажески,
11. Крсте Џамтоски,
12. Милисав Маркоски
13. Спасе Лазароски,
14. Михаил Маневски,
15. Иван Сиљјаноски,
16. Венко Трпески,
17. Раде Бушовски,
18. Милорад Лазарески,
19. Коста Лазарески,
20. Зоран Костевски,
21. Неделко Симоноски,
22. Сотир Шикалоски,
23. Магдалена Героска,
24. Михаил Наумоски,
25. Билјана Наумовска,
26. Стојан Мујоски,
27. Ајтен Џелил Љутви,
28. Павлина Пероска,
29. Угрин Попоски,
30. Јелена Илиќ,
31. Емилија Размоска,
32. Димитри Дуноски,
33. Валентина Петкоска,
34. Никола Стојановски,
35. Надежда Велјановска,
36. Зора Ристеска,
37. Светозар Костоски,
38. Зорица Кумбароска,
39. Методија Трпески,
40. Вера Маркоска,
41. Ламбе Ѓорески,
42. Стефан Владимиров,
43. Павлина Тупанческа,
44. Зора Усовиќ,
45. Александра Камнароски,
46. Лилјана Стрезоска,
47. Благородна Наневска,
48. Љиљана Балеска,
49. Даница Балеска,
50. Јулијана Иванова,
51. Климе Малезановски,
52. Вера Николоска,
53. Зоре Мицкоски,
54. Крсте Серафимоски,
55. Жаклина Тренковска,
56. Марија Балабан,
57. Благојче Упески,
58. Томислав Балабан,
59. Драгослав Стојанов,
60. Лазар Карафилоски,
61. Зоран Петровски,
62. Александар Дријовски,
63. Осман Патељ,
64. Драган Петрески,
65. Јосиф Јосифоски,
66. Илија Рапешоски,
67. Љубе Угрински,
68. Васо Цветаноски,
69. Светозар Лазороски,
70. Митра Смилеска,
71. Љубица Попоска,
72. Мимоза Несторoска,
73. Сузана Мицева,
74. Николина Каранфиловска-Бајческа,
75. Билјана Божиновска,
76. Фида Санија,
77. Ленка Џамтоска,
78. Флорида Велјаноска,
79. Снежана Човиќ,
80. Милица Митреска,
81. Блага Блажеска,
82. Натка Јаковлевска,
83. Јулка Спироска-Костоска,
84. Соња Томаноска,
85. Снежана Маноловска,
86. Снежана Шешоска,
87. Снежана Петан,
88. Кирица Николоска,
89. Вера Костоска-Здравева.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1490/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

437.

Врз основа на член 60 став 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 3/2002, 51/2003, 85/2003 и 40/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За член на Советот на Народната банка на Република Македонија се именува проф. д-р Драге Јанев, професор на Економскиот факултет-Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1489/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

438.

Врз основа на член 33 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), а во врска со Одлуката за определување на бројот на замениците на јавните обвинители во Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 18/2005), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши именување на:

- двајца заменици на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Велес;
- еден заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Гостивар;
- еден заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Дебар;
- еден заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Кавадарци;

- еден заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Кичево;
- двајца заменици на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Куманово;
- еден заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Охрид;
- еден заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Радовиш;
- тројца заменици на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Скопје и
- еден заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Тетово.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 34 од Законот за Јавното обвинителство (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во државен орган, дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на функција заменик на јавниот обвинител и кој има работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи од над пет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весниците "Нова Македонија", "Утрински весник" и "Македонија денес".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1488/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

439.

Врз основа на член 33 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИМЕНУВАЊЕ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО БЕРОВО И ВО КИЧЕВО

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши именување на:
- јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Берово и
- јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Кичево.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 34 од Законот за Јавното обвинителство (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со Закон за засновање на работен однос во државен орган, дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на функција на јавен обвинител и кој има работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи од над пет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Собранието на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весниците "Нова Македонија", "Утрински весник" и "Македонија денес".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1487/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

440.

Врз основа на член 33 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), а во врска со Одлуката за определување на бројот на замениците на јавни обвинители во Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 18/2005), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 април 2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО БИТОЛА И ВО СКОПЈЕ

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши именување на:
- еден заменик на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола и
- тројца заменици на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 34 од Законот за Јавното обвинителство (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во државен орган, дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на функција заменик на јавниот обвинител и кој има работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи од над девет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Собранието на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весниците "Нова Македонија", "Утрински весник" и "Македонија денес".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1486/1
21 април 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

441.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.03.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СТАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА И ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Член 1

Со оваа одлука заради спроведување на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/98, 31/00 и 42/03) и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/02, 17/03 и 30/04), од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за потребите на Комисијата за станбени прашања на Владата на Република Македонија се обезбедуваат 43 стана во градовите: Битола - 20 стана, Тетово - 15 стана и Гостивар - 8 стана, чија вкупна вредност изнесува 1.240.000,00 ЕУР.

Член 2

Средствата за становите од член 1 од оваа одлука ќе се обезбедат од:

- продажба на бесправно вселени станови;
- продажба на станови во општествена сопственост (согласно Заклучок на Владата на Република Македонија бр. 23-404/1 од 01.03.2004 година);
- продажба на станови вратени од Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Македонија по основ на територијална размена.

Член 3

За реализација на оваа одлука ќе се грижат Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и Комисијата за станбени прашања на Владата на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-73/1
17 март 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

442.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА ЕУ ВО СТРАНСТВО ЗА 2005/2006 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука, Владата на Република Македонија доделува средства во висина од 5.000.000,00 денари за поддршка на определен број постдипломски студии во странство за 2005/2006 година во рамките на средствата определени со Буџетот на Република Македонија за 2005 година, во Програмата 20 - Европска интеграција, ставка 464 - Разни трансфери и подставка 464110 - Стипендии за студенти.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за финансирање на постдипломски студии од областа на европското право, економија, политиките на ЕУ и/или мултидисциплинарни студии за ЕУ/ЕИ, при што предност ќе се даде на кандидатите коишто немаат обезбедени финансиски средства за покривање на истите по друг основ и се запишани на специјализирани студии како што се: политика на конкуренција, внатрешен пазар, заедничка земјоделска политика, индустриска политика, регионална политика на ЕУ, интелектуална сопственост, заштита на потрошувачи, информатичко општество, како и некои други конкретни и специјализирани аспекти на законодавството и политиките на ЕУ.

Член 3

Средствата од член 1 од оваа одлука покриваат школарина, сместување, исхрана и патни трошоци до дестинацијата на студирање и назад.

Член 4

Постапката на избор на кандидати за користење на средствата за постдипломски студии се остварува по пат на конкурс.

Член 5

Кандидатите за доделување на средства за финансирање постдипломски студии треба да ги исполнуваат следните критериуми и услови:

- да се државјани на Република Македонија;
- да имаат завршено четиригодишни студии (факултет); предност имаат кандидатите со висок просек на оценки;
- солидно да го познаваат англискиот јазик, а познавањето на друг јазик од земјите членки на ЕУ ќе се смета за предност;
- да се запишани на постдипломски студии за 2005/2006 година на универзитетите во странство и тоа во областа на европското право, економија, политиките на ЕУ и/или мултидисциплинарни студии за ЕУ/ЕИ, при што предност ќе се даде на кандидатите коишто се запишани на специјализирани студии како што се: политика на конкуренција, внатрешен пазар, заедничка земјоделска политика, индустриска политика, регионална политика на ЕУ, интелектуална сопственост, заштита на потрошувачи, информатичко општество, како и некои други конкретни и специјализирани аспекти на законодавството и политиките на ЕУ.

Член 6

Конкурсот за прибирање пријави од заинтересирани кандидати за доделувањето на средствата од член 1 од оваа одлука наменети за финансирање на постдипломски студии го распишува Секторот за европска интеграција при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија. Конкурсот се објавува во дневниот печат во траење од 15 дена од денот на неговото објавување.

Член 7

За спроведување на конкурсот и изборот на кандидатите, Генералниот секретар на Владата на Република Македонија формира Комисија составена од претседател и четири члена и записничар, составена од претставници на Секторот за европска интеграција при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука и Агенцијата за државни службеници.

Член 8

Комисијата врши избор од пристигнатите пријави за користење на средствата од член 1 на оваа одлука.

За извршениот избор на кандидати се известуваат сите кандидати коишто се пријавиле на конкурсот во рок од 8 дена од извршениот избор.

Член 9

Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ги презема неопходните активности за извршување на плаќањето на стипендиите на избраните кандидати на универзитетите во странство.

Член 10

Генералниот секретар на Владата склучува договор со избраните кандидати чиишто постдипломски студии ги финансира Владата, со којшто истите се обврзуваат да работат во органите на државната управа во период од најмалку три години од нивното завршување на постдипломските студии, којшто период точно се определува во зависност од висината на доделените средства.

Кандидатите на кои им се доделува износ од 15.000 евра се обврзуваат на работен ангажман од 3 години, а за секој дополнителен износ од 5.000 евра се додава по 1 година работен ангажман.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1352/1
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

443.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00 и 12/03), а во врска со Програмата за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија за 2004 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОВТОРНО ОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОДАЖБА НА ОБЈЕКТОТ „СВЕТСКИ БИЗНИС ЦЕНТАР"-СКОПЈЕ ПО ПАТ НА ЛИЦИТАЦИЈА

Член 1

Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, да изврши повторно огласување на продажба на објектот „Светски бизнис центар" - Скопје, изграден како затворена карабина, на ул. „Моша Пијаде" б.б, на К.П.бр. 12079 и К.П.бр. 1282/2, со вкупна етажна површина од 22.458 м^2, сопственост на Република Македонија според Имотен лист бр.44.990 издаден од Државниот завод за геодетски работи - Сектор за премер и катастар - Скопје, со намалена почетна цена од 10%, во однос на првото огласување.

Член 2

Продажбата на објектот „Светски бизнис центар"-Скопје се врши по пат на прибирање на затворени писмени понуди од заинтересирани купувачи (офертална лицитација) врз основа на меѓународен оглас.

Член 3

Почетната цена при повтореното огласување изнесува 9.689.094 ЕУР, пресметана во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија.

Во почетната цена не се вклучени даноци и други јавни давачки и тие ќе бидат на товар на купувачот.

Постигнатата цена на објектот се плаќа во готово или на 24 еднакви месечни рати, без камата.

Доколку цената се плаќа во готово, купувачот има право на попуст во висина од 10% од постигнатата цена.

Доколку цената се плаќа на рати купувачот е должен да достави банкарска гаранција за целокупната понудена цена. Во ваков случај, даноците и другите јавни давачки купувачот ги плаќа во готово.

Член 4

Понудувачите се должни со понудата да доставаат и доказ за уплатен депозит за учество по огласот во висина од 10% од почетната цена, или банкарска гаранција во иста висина за истата намена.

Во рок од 15 дена, од завршувањето на изборот на најповолен понудувач, понудувачите се известуваат за извршениот избор, а на понудувачите кои не се избрани им се враќа уплатениот депозит, односно банкарската гаранција.

Уплатениот износ на депозитот на најповолниот понудувач се засметува во постигнатата цена.

Член 5

При евалуацијата на понудите, во случај на економско еднакви услови, предност при изборот ќе имаат понудувачите кои понудиле плаќање во готово.

Доколку како понудувач се јави едно лице, договорот за продажба ќе се склучи со него, ако ги исполнува условите од огласот.

Член 6

Доколку најповолниот понудувач во рок од 8 дена од известувањето дека е избран за најповолен понудувач не се јави заради склучување на договорот за продажба, односно се откаже од склучување на договорот, договорот за продажба ќе се склучи со второрангираниот понудувач, кој ги исполнува условите на огласот и доколку ја понудил најмалку почетната цена.

Член 7

Се овластува директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, во името на Република Македонија да го потпише договорот за продажба.

Член 8

Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија да ја започне постапката за продажба на објектот „Светски бизнис центар"-Скопје во рок од 30 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-1463/1
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

444.

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.04.2005 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И СОЗДАВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТ ВО МАЛОТО СТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на претприемништвото во износ од 20.000.000 (дваесет милиони) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија, раздел 10001, програма Д2, ставка 464 („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/2004).

Член 2

Средствата од член 1 ќе се користат за следните намени: - во 000 денари

I. Средства за поддршка на претприемништвото	20.000
1. Институционална инфраструктура	16.800
1.1. Финансирање на работењето на Агенцијата	10.200

Извршување на тековните активности на Агенцијата (оперативни трошоци) како и активности за воспоставување и работење на „Обсерваторија за малите и средни претпријатија (МСП)".

Индикатори на успешност

1. Целосно извршување на работните задачи и проекти утврдени во Програмата на активности на Агенцијата и оваа Програма.
2. Опремување на посебна канцеларија со основна компјутерска опрема за отпочнување со работа на „Обсерваторијата за МСП".
3. Периодични извештаи на Обсерваторијата за состојбата на МСП во РМ.

Цели

Поддршка на малото стопанство согласно четиригодишната програма на Владата за поддршка на малото стопанство и Повелба за мали претпријатија на ЕУ.

Со работењето на Обсерваторијата и нејзиното поврзување во мрежата на Обсерватории во Европа, Владата ќе располага со релевантни и компаративни показатели со ЕУ и анализи за состојбата на малото стопанство.

1.2. Кофинансирање на Евро Инфо Кореспондентниот Центар 3.600

Извршување на тековните активности на ЕИКЦ по завршувањето на неговото финансирање од страна на ЕУ во април 2005 година (кофинансирање на оперативните трошоци)

Индикатори на успешност

1. База за бизнис соработка
2. Регионални работилници - 2 и публикации
3. Електронско публикување и распределба на селектирани бизнис понуди или барања за производи или услуги
4. Одговори на прашања на клиентите

Цели

Поголем излез на надворешните пазари, информираност и помош на стопанските субјекти за прашања поврзани со ЕУ (пристап на пазарите на ЕУ, ЕУ средства, ЕУ тендери, бизнис партнери).

1.3. Кофинансирање на Регионални Фондации за поддршка на претприемништвото и други претприемнички центри за договорени активности за потребите на Агенцијата 3.000

Потпишување договор за реализација на проект „Инфо Точка“ и информатичко поврзување на 8 регионални центри.

Индикатор на успешност

1. Давање на информативни услуги на околу 2400 клиенти.
2. Информатичко поврзување на мрежата на регионални центри и воспоставување унифицирана база на податоци на најмалку 2400 клиенти.

Цели:

Информативна, промотивна, советодавна и логистичка поддршка на МСП на регионално ниво. Реактивирање и иновирање на постојната база на податоци, со цел ажурно, точно и подетално бележење на податоците за МСП, како и давање на релевантни информации од корист за малото стопанство.

2. Кофинансирање на форми на нефинансиска поддршка 3.200

2.1. Обуки за претприемачи 1.100

Индикатор на успешност

1. Три дводневни семинари за маркетинг со вкупно 60 учесници од различни целни групи (претприемачи и менаџери на МСП).
2. Три дводневни семинари за извозна промоција со вкупно 60 учесници од различни целни групи (претприемачи и менаџери на МСП).

Цел

Подобрување на знаењата и способностите на претприемачите во областа на маркетингот и извозната промоција.

2.2. Ваучерски систем за советување од консултанти 500

Техничка помош за воведување ваучерски систем на советување со изработка на прирачник за работење и веб страна на консултанти.

Индикатор на успешност

1. Организирање на дводневен семинар со словенечки експерти за ваучер систем на советување.
2. Изработка на прирачник за примена на ваучерски систем на советување во РМ.
3. Изработка на веб страна на консултанти.

Цел:

Воведување на ваучерскиот систем на советување како инструмент за подобрување на работењето на секторот на МСП преку кофинансирање на конкретни консултантски услуги согласно потребите на претприемачите. Достапност и транспарентност на понудата на консултантски услуги во РМ.

2.3. Трибини, конференции и форуми во земјата 200

Регионални промотивни работилници за ИСО и ХАЦЦП стандарди, бизнис форум за органска храна во рамки на светската конференција за органско производство на храна во Охрид.

Индикатор на успешност

1. Организација на 8 еднодневни регионални промотивни работилници со учество на претставници од 240 претпријатија.
2. Еднодневно учество на 20 претпријатија на форумот.
3. Еднодневна изложба на производи.

Цел:

Промоција на потребата од ИСО и ХАЦЦП системите за квалитет како предуслов за извоз на европските пазари.

Производство на органска храна како можност за отворање на мали бизниси.

Презентација на производите со можност за пласман на странските пазари.

2.4. Соработка со земји во регионот 200

Индикатор на успешност

1. Потпишување договори за соработка со земјите во регионот

Цел

Проширување на активностите на Агенцијата и нејзина активна промоција во странство

2.5. Последипломски студии за претприемништво 200

Индикатори на успешност

1. Кофинансирање на 4 студенти за последипломски студии од областа на претприемништво

Цел:

Промоција, едукација и создавање специјализирани - висококвалификувани кадри од областа на претприемништвото.

2.6. Саемски манифестации во земјата 400

Индикатори на успешност

1. Кофинансирање на трошоци на 25 претпријатија за нивно учество на една саемска манифестација во државата.

Цел:

Потикнување на стопанствениците од секторот на МСП за изложување и промоција на своите производи/услуги на саемските манифестации, со цел зголемување на производството и извозот.

2.7. Брошури и други промотивни материјали 100

Индикатори на успешност

1. Печатење промотивен материјал - каталог на 80 регионално најуспешни претпријатија.

Цел:

Промоција и презентација на претпријатијата во земјата и странство и нивна интернационализација.

2.8. Бизнис инкубатори 500

Прибирање понуди за изработка на студии за основање инкубатор

Индикатори на успешност

1. Финансирање на 3 најуспешни студии за основање инкубатор

Цел:

Поддршка на развојот на малите, односно почетните бизниси во РМ

Член 3

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Министерството за економија.

Доколку дојде до извршување на некои активности предвидени со оваа програма во поголем обем, а другите бидат нецелосно реализирани, министерот за економија, во рамките на вкупно расположливите средства по оваа програма врши соодветна пренамена во рамки на дадените приоритети.

Член 4

Кофинансирањето на форми на нефинансиска поддршка од член 2 точка 2 подточка 2.5. од оваа програма ќе се врши во соработка со Министерството за образование и наука.

Член 5

Реализацијата на оваа програма ќе се врши преку Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ).

Член 6

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1012/1
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

445.

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.04.2005 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СЕЛАТА ВО 2005 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на РМ за 2005 година (Службен весник на РМ бр. 96/2004), Раздел 14001- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма Б-Намалување на сиромаштија, Подпрограма ББ-Ревитализација на села, Категорија 48 - Капитални расходи, Ставка 482 - Други градежни објекти, се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат, извршителите на работите, износот и изворот на средствата, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2005 година.

Средствата за реализација на Програмата за ревитализација на селата во 2005 година особено ќе се користат за:

- изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на селата;
- изградба на фекална канализација на селата;
- изработка на техничка документација за управување со водите.

II

Средствата од дел од оваа програма ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма.

А. НАМЕНИ

Реден број	Опис на работите	Износ во денари
1.	изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на селата	120.000.000
2.	изградба на фекална канализација	5.000.000
3.	изградба на техничка документација за управување со водите	3.000.000
ВКУПНО:		20.000.000

Б.КРИТЕРИУМИ:

1. Подрачје во кое се наоѓа
1.1. Ридско планинско
1.2. Погранично
1.3. Изразито неразвиено
1.4. Рамничарско

2. Досегашен начин на водоснабдување на населението
2.1. Од водоводна мрежа
2.2. Од јавна чешма
2.3. Од бунари
2.4. Останато

3. Досегашен начин на одведување на фекалните отпадни води
3.1. Со канализациона мрежа
3.2. Септички јами
3.3. Пречистителна станица
3.4. Останато

4. Вредност на проектот

5. Финансиско учество на населението од месната заедница или општината во изградба на системот

6. Кои објекти се завршени согласно проектната документација и нивна вредност

7. Изградена друга инфраструктура
7.1. Пат
Асфалтен _____ км Земјан _____км
7.2. Амбуланта
7.3. Училиште
7.4. Пошта
7.5. Телефон
7.6. Други објекти

В. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНАТ БАРАТЕЛИТЕ

1. Изработено Главен проект

2. Обезбедено Водостопанска согласност

3. Обезбедено Одобрение за градба

4. Одлука од советот на општината или месната заедница за сопствено учество во изградбата на системот

5. Документи (договор, решение, одлука или друго) за обезбедените финансиски средства од други извори на финансирање

III

1. Барања за користење на средствата од оваа програма може да поднесат единиците на локалната самоуправа и месните заедници до Министерството, за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 31.05.2005 година.

Доколку дојде до извршување на некои мерки предвидени со оваа програма во поголем обем, а друга биде нецелосно реализирана, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно расположивите средства по оваа програма врши соодветна пренамена по мерки.

2. Правата и обврските на корисниците на средства по оваа програма се утврдуваат со договор, што ќе го склучи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и корисниците на средствата.

3. Надзор врз наменското користење на средствата од страна на корисниците ќе врши Управата за водостопанство во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

IV

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1242/1
18 април 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

446.

Врз основа на член 33, а во врска со член 32 од Законот за заштита при работа ("Службен весник на РМ" бр. 13/98, 33/00 и 29/02), министерот за труд и социјална политика донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕГЛЕДИ И ИСПИТУВАЊА ПО ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

1. Се овластува Друштвото за технолошки, лабораториски испитувања, проектирање и услуги Технолаб ДОО од Скопје, за вршење на прегледи и испитувања по член 32 од Законот за заштита при работа и тоа за:
- хемиски штетности,
- микроклима,
- бучава,
- вибрации,
- осветленост,
- штетни зрачења (освен јонизирачки),
- обучување на работници од областа на заштита при работа.

2. Се овластува Централен завод за заштита при работа, заштита од пожари и експлозии и заштита на човековата околина Алкс Стјурарт ДОО од Скопје, за вршење на прегледи и испитување од член 32 од Законот за заштита при работа и тоа за:
- хемиски штетности,
- бучава,
- вибрација,
- микроклима,
- штетни зрачења (освен јонизирачки),
- осветленост,
- дигалки,
- теретни лифтови,
- преси и макази на механизиран погон со рачно додавање,
- обучување на работници од областа на заштитата при работа.

3. Се овластува Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Машински факултет од Скопје, за вршење на прегледи и испитувања од член 32 од Законот за заштита при работа и тоа за:
- дигалки,
- преси и макази на механизиран погон со рачно додавање,
- теретни лифтови,
- индустриски транспортери,
- бучава,
- вибрација,
- обучување на работници од областа на заштитата при работа.

4. Ова решение да се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1740/1 Министер,
11 март 2005 година **Стевчо Јакимовски**, с.р.
Скопје

447.

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03 и 65/04), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ПРОБИШТИП

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Пробиштип, број 02-68, донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 22.02.2005 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-2808/3 Министер,
21 април 2005 година **Стевчо Јакимовски,** с.р.
Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

448.

Врз основа на член 20 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата ("Службен весник на РМ" бр. 69/96, 13/99, 41/2000, 96/2000 и 45/2002), министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за здравство, министерот за внатрешни работи, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за економија, донесува

Н А Р Е Д Б А
ЗА ЗАБРАНА НА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УПОТРЕБА НА ДЕТЕРГЕНТИ ЗА МАШИНСКО ПЕРЕЊЕ НА ТЕКСТИЛНИ ПРОИЗВОДИ СО СОДРЖИНА НА ФОСФОР ВО ОРГАНСКА ИЛИ НЕОРГАНСКА ФОРМА СО НАД 0,5 % ТЕЖИНСКИ

Член 1

Со цел да се запази јавниот интерес во користењето на водите и спречат појави на еутрофикација на водните екосистеми во Република Македонија, со оваа наредба се забранува:

1. Употреба на детергенти за машинско перење на текстилни производи во домаќинствата, со содржина на фосфор во органска и неорганска форма со над 0,5 % тежински.

2. Производство и промет на детергенти за машински перења на текстилни производи со содржина на фосфор во органска и неорганска форма со над 0,5 % тежински, подготвени во форма или пакување за продажба на мало.

Член 2

Забраната од членот 1 точка 2 на оваа наредба не се однесува на производство на оние детергенти за машинско перење на текстилни производи кои се наменети за извоз.

Член 3

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува за увоз и производство на детергентите од член 1 од оваа наредба од 31 мај 2005, а за употреба и пуштање во внатрешниот промет на детергентите од член 1 на оваа наредба од 1 ноември 2005 година.

Бр. 07-1370/1
4 април 2005 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
м-р **Зоран Шапуриќ,** с.р.

Министер за економија,
м-р **Фатмир Бесими,** с.р.

Министер за здравство,
д-р **Владимир Димов,** с.р.

Министер за внатрешни работи,
Љубомир Михајловски, с.р.

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Садула Дураку, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

449.

Врз основа на член 57 од Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта ("Сл. весник на РМ" бр. 41/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

Л И С Т А
НА НОВИ ОДОБРЕНИ СОРТИ НА СТРАНСКИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Вид на растение	**Ознака на сортата**	**Година на воведување на сортата**	**Фирма односно име и адреса на одржувачот на сортата, односно застапникот**
Г.ГРАДИНАРСКИ РАСТЕНИЈА			
Г.31 Spinacea oleracea L. – спанаќ	Polydane F1	2005	Daehfeld Havefro A/S, Danmark, ДПТ"Евгени"ДООЕЛ увоз-извоз , нас.Маџари бб-пазарче Сингелиќ, лок 242 Скопје
Г.18 Cucumis sativum L.- краставица корнишон	Pasamonte F1	2005	Syngenta seeds B.V., Holland, ДТ "Холма" ДОО увоз-извоз , ул:" Маршал Тито" бр.109, Струмица
	Advance F1	2005	Bejo Zaden, Holland ДПТУ"Ве-Ка"ДООЕЛ ул:"Балканска" бр.14, Струмица
Г.19 Cucurbita pepo L. var.oblonga- тиквичка	Dona	2005	Daehfeld Havefro A/S, Danmark, ДПТ"Евгени"ДООЕЛ увоз-извоз , нас.Маџари бб-пазарче Сингелиќ, лок 242, Скопје
Г.17 Cucumis melo L.- диња	Makdimon F1	2005	Hazera Genetics-Izrael "Агро Јуником"ДОО ул:"Првомајска"б.б.,Скопје
	Amie-75 F1	2005	Hazera Genetics-Izrael "Агро Јуником"ДОО ул:"Првомајска"б.б.,Скопје
Г.29 Solanum tuberosum L. - компир	Asteriks	2005	NZPC, Holland "КОБО" ДОО увоз-извоз ул:"Божин Николов" бр.80, Скопје
Г.16 Citrulus vulgaris L. - лубеница	Stargazer F1 AS	2005	Seminis Vegetable Seeds-Holland, "Агрохемија" ДООЕЛ ул: "Франклин Рузвелт" бр.22, Скопје
	Mediteria F1 HN	2005	Seminis Vegetable Seeds-Holland, "Агрохемија" ДООЕЛ ул: "Франклин Рузвелт" бр.22, Скопје
	Corinda F1	2005	"TAKII Europe BV"-Holland "Агропродукт"ДООЕЛ ул:24 октомври бр 6. - Струмица
	Menuetto F1	2005	"TAKII Europe BV"-Holland "Агропродукт"ДООЕЛ ул:24 октомври бр 6. – Струмица
	Varda F1	2005	Nikerson Zvan, Holland "КОБО" ДОО увоз-извоз ул:"Божин Николов" бр.80, Скопје
	Vasko F1	2005	Nikerson Zvan, Holland "КОБО" ДОО увоз-извоз ул:"Божин Николов" бр.80, Скопје
Г.13.Brassica oleracea L.convar.botrytiscymosa- брокула	Chevalier F1	2005	Seminis Vegetable Seeds-Holland, "Агрохемија" ДООЕЛ ул: "Франклин Рузвелт" бр.22, Скопје
	Fiesta F1	2005	Bejo Zaden, Holland ДПТУ"Ве-Ка"ДООЕЛ ул:"Балканска" бр.14, Струмица
Г.8. Brassica oleracea L. convar.botrytis -карфиол	Pella F1	2005	Daehfeld Havefro A/S, Danmark, ДПТ"Евгени"ДООЕЛ увоз-извоз , нас.Маџари бб - пазарче Сингелиќ, лок 242 ,Скопје

Г.9 Brassica oleracea L. convar.capitata -зелка	Novator	2005	Syngenta seeds B.V., Holland, ДТ "Холма" ДОО увоз-извоз , ул:" Маршал Тито" бр.109, Струмица
	Goldeen cross F1	2005	"TAKII Europe BV"-Holland "Агропродукт"ДООЕЛ ул:24 октомври бр 6. – Струмица
	Sunta F1	2005	"TAKII Europe BV"-Holland "Агропродукт"ДООЕЛ ул:24 октомври бр 6. – Струмица
	Globe Master F1	2005	"TAKII Europe BV"-Holland "Агропродукт"ДООЕЛ ул:24 октомври бр 6. – Струмица
	Shelta F1	2005	"TAKII Europe BV"-Holland "Агропродукт"ДООЕЛ ул:24 октомври бр 6. – Струмица
	Gazebo F1	2005	Bejo Zaden, Holland ДПТУ"Ве-Ка"ДООЕЛ ул:"Балканска" бр.14, Струмица
	Farao F1	2005	Bejo Zaden, Holland ДПТУ"Ве-Ка"ДООЕЛ ул:"Балканска" бр.14, Струмица
	Pruktor F1	2005	Daehfeld Havefro A/S, Danmark, ДПТ"Евгени"ДООЕЛ увоз-извоз , нас.Мађари бб-пазарче Сингелиќ, лок 242, Скопје

Бр. 08-4141/1
21 април 2005 година
Скопје

Министер,
Садула Дураку, с.р.

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

450.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 28 алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992), на седницата одржана на 30 март 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се отфрла иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 9 став 1 од Тарифниот систем за наплата на услуги што го врши АД Топлификација - Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 57/1996).

2. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

3. Милосија Шекутовска, Звонко Николовски, Игор Пецовски, Јован Димчевски и Јовица Николовски, сите од Скопје на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според подносителите на иницијативата со оспорената одредба од Тарифниот систем за наплата на услуги што ги врши АД Топлификација - Скопје, граѓаните на градот Скопје биле ставени во нерамноправна положба од причина што едни плаќале со пресметка според отоплуваната површина, а други плаќале по мерач, што било спротивно на Уставот на Република Македонија и на Одлуката за мерките и начинот на заштита на потрошувачката на топлинска енергија за затоплување на објектите, која била донесена од Собранието на град Скопје на 10 февруари 1987 година и била објавена во "Службен гласник на град Скопје" бр. 7/1987.

Оспорената одредба од наведениот тарифен систем за наплата на услуги што ги врши АД Топлификација - Скопје се наведува понатаму во иницијативата, била спротивна на член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија според кој граѓаните пред Уставот и законите се еднакви, како и на членовите 2, 5 и 6 од Одлуката на Собранието на град Скопје.

Имено, според членот 2 од наведената одлука, заштедата на потрошувачката на топлинска енергија се обезбедува со воведување на мерно регулациона опрема (мерачи) за топлинска енергија во сите објекти во кои постои топлификационен систем.

Во членот 5 од истата одлука било определено дека сите корисници на топлинска енергија од топлификациониот систем се должни да извршат вградување на мернорегулациони уреди за мерење на потрошувачката на топлинска енергија на главниот довод во потстаницата. Во членот 6 било утврдено дека рокот за вградување на мернорегулациони уреди (мерачи) во објектите определени со член 5 од оваа Одлука е до 31 март 1987 година. Рокот за вградување на мернорегулациони уреди (мерачи) на главниот довод на топлинска енергија (топлотни потстаници) за постојните индивидуални и колективни станбени објекти бил до крајот на 1988 година.

Подносителот на иницијативата смета дека со наведената одлука на Собранието на град Скопје не било предвидено подвојување на граѓаните на тие што живеат во колективни и на тие што живеат во индивидуални згради, поради што оспорената одредба од Тарифниот систем за наплата на услуги што ги врши АД Топлификација - Скопје била спротивна на таа одлука.

4. Судот на седницата утврди дека оспорениот тарифен систем го донел Управниот одбор на АД Топлификација - Скопје на седницата одржана на 23 септември 1996 година. Според член 9 став 1 од овој акт корисниците од првата група за станбен простор во објект со над четири станбени единици (колективен) надомест плаќаат со пресметка според отоплуваната површина, а корисниците на станбен простор во објект со четири и помалку станбени единици (индивидуален) и сите останати корисници од првата група надомест плаќаат по мерач.

Корисниците од втората и третата група надомест плаќаат по пресметка, односно според инсталирана моќност и според мерач.

5. Согласно член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на прописите и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Тргнувајќи од содржината на Тарифниот систем за наплата на услуги што ги врши АД Топлификација - Скопје, Судот утврди дека истиот претставува автономен акт на работење со кој се уредени интерни прашања во врска со системот за наплата на услугите што ги врши ова акционерско друштво, поради што оспорениот тарифен систем не претставува пропис во смисла на член 110 од Уставот на Република Македонија.

Со оглед на наведеното, Судот не се впушти во оценување и на другите наводи во иницијативата.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У. бр. 26/2005
30 март 2005 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
Лилјана Ингилизова-Ристова, с.р.

451.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија, член 28, алинеја 1 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992), на седницата одржана на 30 март 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се отфрлаат иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на:

а) Одлуката за измена на регулирани цени на телекомуникациски услуги бр. 20692/1 од 24 април 2003 година на АД "Македонски телекомуникации" - Скопје, во делот во кој е утврдена висината на цената на месечната претплата по телефонски приклучок, односно член 1, точка 2 од оваа одлука и

б) Ценовникот за телекомуникациски услуги на АД "Македонски телекомуникации" - Скопје во делот во кој е утврдена цената на посебното евидентирање и пресметка на дополнително фактурирање на телекомуникациските услуги во внатрешен и меѓународен телекомуникациски сообраќај во процентуален износ од 2% од износот на дополнително фактурирање, односно точката 1.4.7.7. од овој Ценовник.

2. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

3. Ванчо Николовски од Скопје, Здружението на пензионери од Штип, Томе Божиков и Цана Атанасова од Струмица, Младен Веселинов од Штип, група граѓани од Велес, АД "Македонија Турист" - Скопје, преку полномошникот Ана Софрониевска, адвокат од Скопје и Бошко Божиновски од Куманово, на Уставниот суд на Република Македонија му поднесоа иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актите во деловите означени во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата поднесена од Ванчо Николовски од Скопје месечната претплата на телефонскиот приклучок до 1 мај 2003 година, имала карактер на однапред платени одреден број импулси од страна на корисникот на телефон, кои на крајот на месецот се одземале од вкупно реализираните импулси и наплата се вршела само за разликата од остварените и претплатените импулси. Меѓутоа, со оглед на тоа што според оспорената одлука бесплатните телефонски импулси се изземени од месечната претплата и наплатата се вршела на сите остварени импулси, според овој подносител, основот за нејзино натамошно наплатување повеќе не постоел. Затоа, наплатата на месечната претплата за телефонски приклучок во овие услови претставувала еден вид јавна давачка, што било во спротивност со членот 68, став 1, алинеја 3 од Уставот.

Во иницијативите поднесени од Здружението на пензионерите Штип и од Младен Веселинов од Штип се наведува дека месечната претплата за телефонски приклучок во висина од 340,00 денари и манипулативниот трошок од 2% на вредноста од реализираниот сообраќај што се наплатуваат преку месечните сметки за телефон биле две давачки кои се неосновани и непоткрепени со никаква економска подлога, поради што тие биле очигледен пример на монополско однесување на пазарот од страна на Македонски телекомуникации, а според членот 55, став 2 од Уставот, Република Македонија преку своите органи требало да преземе мерки за ваквото однесување.

Понатаму, во овие иницијативи се наведува дека овие давачки не можеле да се подведат под ниедна јавна давачка, а од друга страна, согласно член 68, став 1, алинеја 3 од Уставот, утврдувањето на јавните давачки било во надлежност на Собранието на Република Македонија.

Од овие причини се предлага Уставниот суд да ја преиспита уставноста на овие месечни давачки и да ги прогласи како неуставни.

Томе Божиков и Цана Атанасова од Струмица, во иницијативата предлагаат Судот да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за пресметување и наплаќање "претплата/наемнина" и "манипулативен трошок", бидејќи не била во согласност со начелото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите (член 9, став 2 од Уставот), како и со начелото на еднаква вредност во давањето (член 8, став 1 од Законот за облигационите односи).

Неусогласеноста на одлуката со начелото на еднаква вредност на заемните давања, според овие подносители, произлегува од самиот факт што износот од 340,00 денари не се наплатувал за реализирани импулси, туку како екстра давачка која што била измислена форма за собирање пари од народот и која како термин "претплата/наемнина" не се среќавала во Законот за телекомуникации.

Според нив, плаќањето на овој вид давачка во претходниот систем имало оправдување со оглед на тоа што се сметало дека тоа е некакво солидарно здружување на средства во јавното претпријатие заради модернизација, изградба на нови телекомуникациски системи, одржување на постојните и сл. и се имало чувство дека тие пари ги користи државата. Но, денес, кога АД "Македонски телекомуникации" во поголем дел се приватизирало, плаќањето на дополнителни давачки по тој основ било неодржливо. Ако се смета дека претплатата (наемнината) се плаќа заради одржување на телекомуникациските водови и сл., според овие подносители, јавниот телекомуникациски оператор тој трошок требало да го вкалкулира во цената на импулсот, а не да го обезбедува преку наплата на предвидената претплата, која не претставувала цена на услуга која се темели на трошоците на неговото работење. Освен тоа, наведуваат дека давателот на услугата АД "Македонски телекомуникации" како учесник во облигациониот договор не го почитува начелото на еднаква вредност на заемните давања, што се гледало и од неговото монополско однесување кога едностранo вршело зголемување на оваа давачка без согласност на ко-

рисниците, или поточно тие молкум тоа го прифаќале, бидејќи АД "Македонски телекомуникации" користејќи ја монополската положба вршел исклучување на корисниците од системот.

Затоа, подносителите на оваа иницијатива предлагаат Уставниот суд согласно член 55 од Уставот да преземе мерки против таквото монополско однесување на АД "Македонски телекомуникации" и да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука, а потоа да ја поништи.

Во иницијативата поднесена од група од шест граѓани од Велес се наведува дека месечната претплата за телефонски приклучок е противуставна бидејќи таа се наплатувала од страна на АД "Македонски телекомуникации" без каква било услуга да се даде за тие пари што, пак, од друга страна претставувало злоупотреба на нивната монополска положба што ја имаат на пазарот. Во оваа иницијатива, исто така, се предлага Судот да ја укине и одлуката за наплата на манипулативните трошоци во износ од 2% од реализираниот сообраќај од причини што ова не било никаква посебна услуга, туку дел од секојдневното и редовното работење на друштвото.

Со оглед на тоа што манипулативните трошоци не биле определени во фиксен износ, еднакво за сите корисници, туку се пресметувале за секој корисник поединечно во зависност од реализираниот сообраќај, во иницијативата поднесена од АД "Македонија турист" Скопје се наведува дека на овој начин АД "Македонски телекомуникации" вовел нов вид на јавна давачка, што било спротивно на член 68 од Уставот според кој утврдувањето на јавни давачки било во надлежност на Собранието на Република Македонија.

Освен со овој член од Уставот, оспорената точка 1.4.7.7. од Ценовникот била спротивна и со членот 8 од Законот за облигационите односи кој предвидувал дека во заснованото на двострани договори учесниците тргнуваат од начелото на еднаква вредност на заемните давања. Бидејќи трошоците за изработка на сметките биле еднакви за сите корисници, со наплатувањето на овие трошоци во зависност од реализираниот сообраќај грубо се кршело ова начело од Законот.

Поради наведените причини, подносителот на оваа иницијатива предлага Судот да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на точката 1.4.7.7. од Ценовникот, а потоа да донесе и одлука за нејзино поништување.

На крајот, во иницијативата на Бошко Божиновски од Куманово, се наведува дека наплатата на месечната претплата за користење телефонски приклучок е неоснована и незаконска, бидејќи тој, како и други корисници своевремено ги платиле сите трошоци за инсталирање на телефонскиот приклучок. Овој подносител смета дека со наплатата на месечната претплата за телефонски приклучок се повредувал и Законот за данокот на додадена вредност со оглед на тоа што оваа претплата влегувала во основицата за пресметување на данокот на додадена вредност кој што, пак, се плаќал на промет на добра и услуги, а во конкретниот случај не се работело за промет на услуга.

4. Судот на седницата утврди дека со членот 1 од оспорената одлука се врши измена на регулираните цени на неколку телекомуникациски услуги, меѓу кои, и на цената на месечната претплата по приклучок.

Имено, во членот 1, точка 2 од одлуката е утврдено дека цената на месечната претплата по приклучок се менува и тоа:

Претплатник физичко лице

- за единечен приклучок, од постојните 300,00 денари на 340,00 денари; (оспорен дел)
- за двојнички приклучок, од постојните 225,00 на 255,00 денари; (оспорен дел).

Претплатник правно лице

- за единечен претплатник од постојните 600,00 денари на 680,00 денари;
- за двојнички приклучок од постојните 450,00 денари на 510,00 денари.

Бесплатните телефонски импулси се изземаат од месечната претплата.

Судот на седницата, исто така, утврди дека освен овие цени, со одлуката се менуваат цените и на други телекомуникациски услуги (кои не се оспоруваат со овие иницијативи) и тоа: цената на надоместокот за почетно приклучување на претплатник на фиксна јавна телекомуникациска мрежа (од постојните 3.100,00 денари на 1.860,00 денари); цената на импулсот во телефонскиот сообраќај (локален, национален и меѓународен) и продажната цена на чип картичките за јавните говорници. Со оваа одлука се воведува и нов пакет на телекомуникациски услуги за претплатниците физички лица, кој ги содржи елементите и цените утврдени во членот 2 од одлуката. За одбележување е дека месечната претплата по приклучок за претплатниците на овој пакет изнесува:

- за единечен приклучок 220,00 денари;
- за двојнички приклучок 165,00 денари.

Во членот 3 од одлуката е утврдено: "Се задолжува Секторот за маркетинг измените на регулираните цени да ги внесе во Ценовникот за телекомуникациски услуги на АД Македонски телекомуникации и да изготви пречистен текст".

Според членот 4, оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 мај 2003 година.

Во однос на оспорениот дел од Ценовникот за телекомуникациски услуги Судот утврди дека според точката 1.4.7.7. за посебно евидентирање и пресметка на дополнително фактурирање на телекомуникациските услуги во внатрешен и меѓународен сообраќај се пресметува 2% од износот на дополнителното фактурирање.

Судот, исто така, утврди дека во меѓувреме АД "Македонски телекомуникации" донесе нов тарифен модел за наплата на телекомуникациските услуги, со ново утврдени цени, меѓу кои е и цената, односно висината на месечната претплата по телефонски приклучок. Новите цени се утврдени со Одлуката за одобрување на методологија и сценарио за ребалансирање за 2004 година бр.33084/1 од 2 јуни 2004 година, според која новиот тарифен модел и новите цени на телекомуникациските услуги (кои се утврдени во прегледот кој е нејзин составен дел) се применуваат од 1 јули 2004 година.

АД "Македонски телекомуникации" има изготвено и нов текст на Ценовникот за телекомуникациски услуги, во септември 2004 година.

5. Според член 110, алинеја 1 и 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 28, алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд, Судот ќе ја отфрли иницијативата ако не е надлежен да одлучува за барањето.

Имајќи ги предвид наведените уставни и деловнички одредби, како и тоа дека во конкретниот случај се бара оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за измени на регулирани цени на телекомуникациски услуги и Ценовникот за телекомуникациски услуги донесени од АД "Македонски телекомуникации" - Скопје, Судот утврди дека овие акти ниту според доносителот, ниту според содржината и формата, не претставуваат прописи во смисла на членот 110 од Уставот на Република Македонија.

Имено, според мислењето на Судот, оспорените акти не се прописи затоа што се донесени од акционерско друштво, а актите на акционерските друштва според Судот не се прописи, туку по правило се автономни акти што овие друштва ги донесуваат во врска и во рамките на дејноста која е предмет на нивното работење. Во конкретниот случај тоа се акти на работење со кои се утврдуваат цени на телекомуникациски услуги кои ги дава, односно пружа АД "Македонски телекомуникации".

Со оглед на тоа што со оспорените акти се утврдуваат само цените на телекомуникациските услуги, а не се уредуваат на општ начин никакви односи, односно тие не содржат норми и правила на однесување, според Судот произлегува дека овие акти, исто така, не содржат елементи на пропис, па затоа тие и по својата содржина не се прописи. Ова и од причина што цената на месечната претплата за телефонскиот приклучок и за т.н. манипулативни трошоци, во кои делови се оспоруваат овие акти, според Судот, не претставуваат јавна давачка, како што се тврди во некои од иницијативите, туку се цена на услуги кои како посебна тарифа се утврдени и произлегуваат од Договорот за концесија склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и АД "Македонски телекомуникации", како приватно правен субјект, согласно Законот за телекомуникациите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/1996, 17/1998, 28/2000, 4/2002 и 37/2004), кој важеше во времето на склучување на овој договор и донесувањето на оспорените акти.

Имено, согласно наведениот закон, начинот на формирањето на цените на телекомуникациските услуги и тарифните ставови поконкретно се утврдуваат во конкурсот и во договорот за концесија. Оттука, во Договорот за концесија склучен меѓу Министерството за транспорт и врски и АД "Македонски телекомуникации", во прилогот кој е насловен со "Тарифирање" и е составен дел на овој договор, месечната претплата за телефонски приклучок е утврдена како посебна тарифа (цена) за користење и вообичаено одржување на приклучок на претплатник на фиксната јавна телекомуникациска мрежа. Оваа претплата всушност се плаќа како надоместок на фиксните т.е. постојните реални трошоци за ставање на располагање, односно за редовно одржување на телефонскиот приклучок на секој корисник, заради обезбедување на негов непречен, квалитетен и ефикасен пристап до јавната телекомуникациска мрежа овозможувајќи му во секое време да повикува и да биде повикан, независно дали повиците се реализираат или не.

Исто така, според Судот ниту цената за посебното евидентирање и пресметка на дополнителното фактурирање на телекомуникациските услуги за кое според Ценовникот се пресметува и наплатува 2% од реализираниот сообраќај, не претставува јавна давачка бидејќи оваа цена телефонските претплатници ја плаќаат за покривање на трошоците за изготвување и достава на сметките за наплата за користење на телекомуникациските услуги, односно за т.н. манипулативни трошоци. Затоа, оваа цена претставува дел од облигационите договори склучени меѓу давателот и корисникот на телекомуникациски услуги. Инаку, во Ценовникот посебното евидентирање и пресметката на дополнителното фактурирање на телекомуникациските услуги е утврдена под "Останати услуги", а според Договорот за концесија се подведува под "други" телекомуникациски услуги.

Оттука, со оглед на тоа што оспорената одлука и Ценовникот ниту по доносителот, ни по нивната содржина не се прописи во смисла на членот 110 од Уставот, туку се акти на работење на АД "Македонски телекомуникации" со кои се утврдува цената на телекомуникациските услуги како елемент на облигационо-правните односи помеѓу договорните страни на тие односи, Судот утврди дека не е надлежен да ја оценува нивната согласност со Уставот и со Законот за облигациони односи, во однос на кои се оспоруваат овие акти.

6. Врз основа на изнесеното, а со оглед и на тоа што оспорените акти во меѓувреме престанале да важат, односно да се применуваат, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

7. Ова решение Судот го донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.120/2003
У.бр.145/2003
У.бр.179/2003
30 март 2005 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
Лилјана Ингилизова-Ристова, с.р.

452.

Врз основа на член 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), после моето гласање против отфрлање на иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на оспорените акти, го изнесувам и писмено го образложувам своето

ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ
НА РЕШЕНИЕТО У. БР. 120/2003, У. БР. 145/2003 И У. БР. 179/2003 ОД 30 МАРТ 2005 ГОДИНА, СО КОЕ СЕ ОТФРЛААТ ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РЕГУЛИРАНИ ЦЕНИ НА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ БР. 20692/1 ОД 24 АПРИЛ 2003 ГОДИНА НА АД "МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ"-СКОПЈЕ, ВО ДЕЛОТ ВО КОЈ Е УТВРДЕНА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА МЕСЕЧНАТА ПРЕТПЛАТА ПО ТЕЛЕФОНСКИ ПРИКЛУЧОК, ОДНОСНО ЧЛЕН 1 ТОЧКА 2 ОД ОВАА ОДЛУКА

Уставниот суд на Република Македонија постапувајќи по повеќе иницијативи и барања на граѓаните за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1 точка 2 од Одлуката за измена на регулирани цени на телекомуникациски услуги бр. 20692/1 од 24 април 2003 година на АД "Македонски телекомуникации"-Скопје, на седницата на Судот одржана на 30 март 2005 година, со мнозинство гласови донесе решение со кое се отфрлаат иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведената одлука во оспорениот дел, бидејќи оцени дека таа одлука не претставува пропис што подлежи на уставно-судска оценка, туку дека е интерен акт на акционерско друштво за кој не е надлежен да одлучува Уставниот суд. Изразувајќи несогласност со таквиот став на мнозинството од судиите, гласав против предложеното решение и го издвојувам своето мислење, според кое сметам дека оспорената одлука претставува пропис подобен за уставно-судска заштита и дека Уставниот суд претходно требаше да поведе постапка за оценување на нејзината уставност и законитост, а потоа, доколку оценеше дека таа во оспорениот дел не е во согласност со Уставот и со закон, да ја отстранеше од правниот поредок на Република Македонија.

При мојата определба да гласам против Решението за отфрлање на иницијативата, поаѓав од моето убедување дека членот 1 од Одлуката за измена на регулирани цени на телекомуникациски услуги бр. 20692/1 од 24 април 2003 на АД "Македонски телекомуникации"-Скопје, во делот што се однесува на месечната претплата по приклучок на фиксната јавна телекомуникациска мрежа, со која се изземени бесплатните телефонски импулси од месечната претплата (со сите следни измени на Одлуката, или нова одлука со која се уредува месечен надоместок за користење на телефонски приклучок) не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, 6 и 7 членовите 33, 55 и 68 од Уставот и член 8 од Законот за облигационите односи.

Неспорно е дека фиксната говорна телефонска услуга е јавна телекомуникациска услуга, дека нејзиното вршење е работа од јавен интерес за Републиката и дека вршењето на таа услуга преку фиксната јавна телекомуникациска мрежа со Законот за телекомуникациите е доверена, како на јавен телекомуникациски оператор, на постојниот фиксен јавен телекомуникациски оператор-АД "Македонски телекомуникации". Исто така, неспорно е дека постојниот оператор, има обезбедено монополска положба и монополско однесување на пазарот и дека вршењето на дејноста е од јавно-правен карактер, обезбеден со Договорот за концесија. Очекуваните новини во Законот за електронски комуникации и новините во фиксната телефонија можеби ќе дадат друг приод на проблемите во оваа област, но засега и во периодот на примената на оспорените акти, тие промени немаат влијание на карактерот на вршењето на таа дејност.

Поаѓајќи од таквиот карактер на дејноста и на нејзиниот носител, јасно произлегува дека АД "Македонски телекомуникации" во вршењето на јавната телекомуникациска дејност, всушност врши и одделни јавни овластувања и актите што ги донесува во вршењето на таквите овластувања имаат јавно-правен карактер и во одредени случаи, како што е со оспорената одлука, имаат карактер на пропис. Според тоа, не би можело да се прифати ставот дека е доволно ако соодветен акт е донесен од акционерско друштво, само по себе, да се смета дека е тоа деловен или интерен акт и дека во одредени случаи не може да претставува пропис.

Поаѓајќи од тоа дека со оспорената одлука се востановува конкретна обврска за надоместок за секој корисник на телефонски приклучок, се утврдува претплатнички однос на корисникот спрема Компанијата, се одредува висината на месечната претплата за единечен и двојнички приклучок, се ускратува односно не се признава бесплатниот телефонски импулс, како компензација на месечната претплата, што ја имале сите корисници како стекнато право и се уредуваат други прашања од аспект на цените на услугите, јасно се наметнува заклучокот дека таа одлука со таква содржина и обврски е пропис подобен за уставно-судска оценка.

Посебен уставно-правен проблем претставува карактерот и основот за плаќање на месечна телефонска претплата, како надоместок за користење на телефонски приклучок, што впрочем е покренато прашање со бројните писмени поднесоци до Уставниот суд. Според моето мислење, таквиот вид на давачка нема уставен основ, таа не претставува цена на услугата, па ниту може да биде елемент за формирањето на таа цена. Најопшт поглед на месечната телефонска сметка што ја плаќаат корисниците на фиксната телефонија, води до заклучок дека секоја услуга преку импулсно и друго мерење на корисникот му се пресметува, што значи секоја облигација е подмирена, а за таков паушален износ без соодветна услуга иако нема основ, во оспорената одлука го има. Така како што е утврдена месечната претплата во паушален износ за телефонски приклучок претставува самостоен основ за наплата, независно од тоа дали претплатникот го користел или не телефонскиот приклучок. Плаќањето на тој фиксен месечен износ кој не претставува надомест за услуга (бидејќи тоа отсуствува), ниту може да претставува самостоен елемент за цена на услугата, всушност и дава карактер на јавна давачка.

На телефонската претплата, во која корисникот ги плаќа услугите што ги врши фиксниот оператор, но во која е вклучен и месечен фиксен износ како недомест за телефонски приклучок, што го плаќа секој корисник на приклучок, без оглед на услугата, всушност АД "Македонски телекомуникации" преку оспорената одлука и дава карактер на јавна давачка, што може да ја востанови, согласно членовите 33 и 68 од Уставот, само државата со закон, а не и акционерско друштво кое има посебен статус утврден со Законот.

Понатаму, сметам дека месечниот надоместок за користење на телефонски приклучок, по својот карактер не е облигационен однос, туку однос од јавно-правен карактер. Доколку пак, би се третирал како облигационен однос, тогаш доаѓа до суштествена повреда на принципот на еднакви вредности на взаемните давања. Тоа дотолку повеќе што односот на услугата (што овде отсуствува) и цената за услугата е толку несразмерна, така што корисникот преку таа цена ја плаќа цената на говорната телефонска услуга што воопшто не ја користел.

На крајот, тргнувајќи од околноста дека во суштина се работи за: специфичен акт со специфична содржина во оспорениот дел, дека е донесен од специфичен субјект во специфични услови; дека се работи за јавна телекомуникациска услуга од општ интерес за Републиката; дека таквата услуга ја врши само една компанија со статус утврден во закон, а не за стандардно трговско друштво; дека во добар дел услугата ја врши како јавно овластување; дека компанијата што ја врши услугата во одредувањето на цената на телефонската претплата востановува фиксен месечен надоместок за користење на телефонски приклучок; дека таквиот надоместок ги има сите елементи на една јавна давачка; дека преку таквата јавна давачка на својот акт компанијата му вградува елементи на пропис; дека јавна давачка може да се воспостави само со закон и од страна на Собранието; дека со оспорениот дел од Одлуката се укинува едно стекнато право на граѓаните - корисници на телефонски услуги да имаат бесплатни телефонски импулси до износот на висината на надоместокот за телефонски приклучок; дека преку оспорената давачка граѓаните учествувале и се уште учествуваат во создавање на основната инфраструктура за статичката говорна телефонија и дека во времето на примената на оспорениот акт фактички не е обезбедена заштита на граѓаните за квалитетот и висината на цените на услугите на овој "јавен" сервис, мојата определба при гласањето беше дека Уставниот суд можеше да изнајде елементи одлуката во оспорениот дел да ја третира како пропис и во согласност со тоа да поведеше постапка за оценување на нејзината уставност и законитост.

30 март 2005 година
Скопје

Судија на Уставниот суд
на Република Македонија,
д-р **Трендафил Ивановски**, с.р.

453.

Согласно член 25, став 6 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), по моето гласање против решението за отфрлање на иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 1, точка 2 од Одлуката за измена на регулирани цени на телекомуникациски услуги бр. 20692/1 од 24 април 2003 година, и точката 1.4.7.7. од Ценовникот за телекомуникациски услуги, донесени од АД "Македонски телекомуникации" - Скопје, го издвојувам и писмено го образложувам своето

И З Д В О Е Н О М И С Л Е Њ Е
НА РЕШЕНИЕТО У.БР.120/2003, У.БР.145/2003, И У.БР.179/2003 ОД 30 МАРТ 2005 ГОДИНА

Со Решение У.бр.120/2003, У.бр.145/2003, и У.бр. 179/2003 од 30 март 2005 година, Уставниот суд на Република Македонија ги отфрли иницијативите (поднесени од повеќе граѓани) за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за измена на регулирани цени на телекомуникациски услуги бр. 20692/1 од 24 април 2003 година на АД "Македонски телекомуникации" - Скопје, во делот во кој е утврдена висината на цената на месечната претплата по телефонски приклучок, односно член 1, точка 2 од оваа

одлука и Ценовникот за телекомуникациски услуги на АД "Македонски телекомуникации" - Скопје во делот во кој е утврдена цената на посебното евидентирање и пресметка на дополнително фактурирање на телекомуникациските услуги во внатрешен и меѓународен телекомуникациски сообраќај во процентуален износ од 2% од износот на дополнително фактурирање, односно точката 1.4.7.7. од овој Ценовник. Според мислењето на мнозинството судии, оспорените акти не се прописи, затоа што се донесени од акционерско друштво, и затоа што во конкретниот случај тоа се акти на работење со кои се утврдуваат цени на телекомуникациски услуги кои ги дава, односно пружа АД "Македонски телекомуникации".

Несогласувајќи се со мислењето на мнозинството судии, гласав против наведеното решение од следните причини:

Телекомуникациската услуга е јавна услуга од јавен интерес за Република Македонија, која со Законот за телекомуникации ја врши постојниот оператор АД "Македонски телекомуникации" кој со Договорот за концесија обезбеди вршење на дејност од јавно-правен карактер. Имајќи ја во предвид специфичната улога и положба на ова акционерско друштво, сметам дека со Одлуката за измена на регулирани цени на телекомуникациски услуги бр. 20692/1 од 24 април 2003 година, односно член 1, точка 2 од оваа одлука, се воведе една нова давачка во однос на граѓаните корисници на фиксната јавна телекомуникациска мрежа. Со оваа измена на одлуката, наместо дотогашната месечна претплата како однапред платена услуга во форма на одреден број на импулси, кон граѓаните се воведе месечна претплата за која граѓаните од АД "Македонски телекомуникации" - Скопје не ја добиваат порано добиваната услуга, туку напротив, плаќаат давачка за која не добиваат противуслуга. Оваа давачка која за сите претплатници е утврдена во месечен паушален износ корисниците ја плаќаат независно дали го користеле телефонскиот приклучок или не.

Од друга страна, со точката 1.4.7.7. од Ценовниот за телекомуникациски услуги, донесен од АД "Македонски телекомуникации" - Скопје, се утврдува манипулативен трошок од 2% на вредноста од реализираниот сообраќај што се наплатува преку месечните сметки за телефон, што го наметнува прашањето на непочитување на начелото на еднаква вредност на давањето. Имено, оваа цена претплатниците ја плаќаат за покривање на трошоците за изготвување и достава на сметките за наплата за користење на телекомуникациските услуги и таа претставувала дел од облигационите договори склучени меѓу давателот и корисникот на телекомуникациските услуги.

И за двете давачки може да се покрене прашањето за оценка на уставноста и законитоста ако прифатиме дека оспорената Одлука и Ценовник се прописи. Согласно претходниот Закон за телекомуникации, а сега согласно Законот за електронските комуникации АД "Македонски телекомуникации" е давател на јавна комуникациска услуга, односно врши јавна телекомуникациска дејност и некои од актите кои ова акционерско друштво ги носи имаат карактер на пропис по наметнатите давачки, но, и по последиците кои ги предизвикуваат. Ова особено од таму што со Законот за телекомуникациите на овој оператор му беше обезбедена монополска положба на пазарот за вршење на дејност од јавно-правен интерес.

Оттука, со оглед на тоа дека од оспорениот акт произлегува месечна давачка за корисниците на телекомуникациските услуги за која тие не добиваат услуга, но, за нив произлегува само обврска да плаќаат месечна претплата во паушален износ независно дали претплатникот ги користел услугите преку телефонскиот приклучок или не, не може да стане збор за облигационен однос, туку плаќање давачка како надомест кој ги има сите елементи на јавна давачка. Согласно членовите 33 и 68 од Уставот, јавните давачки се утврдуваат со закон и нив ги утврдува Собранието на Република Македонија, а не како што е случај со оваа месечна претплата востановена од акционерското друштво.

Односите поврзани со наплатување на дадените телекомуникациски услуги се дел од облигационите односи што настапуваат меѓу акционерското друштво кое дава телекомуникациски услуги, во случајот АД "Македонски телекомуникации" и граѓаните, во купопродажбата на телекомуникациската услуга како стока на пазарот. При тоа за овие односи согласно член 8 од Законот за облигационите односи, учесниците тргнуваат од начелото на еднаква вредност на заемните давања кои се протегаат не само на испорачаната услуга, туку и во однос на направените трошоци на претпријатието за изготвување на сметките и цената што ја плаќаат граѓаните за изготвување и достава на тие сметки. Во конкретниот случај цената што граѓаните ја плаќаат на име манипулативен трошок се поврзува со изготвувањето и доставата на сметките и не се доведува во сооднос со стварните трошоци за изготвување на тие сметки, туку таа е одредена во зависност од цената платена за телекомуникациските услуги, односно 2% на вредноста од реализираниот сообраќај што се наплатува преку месечните сметки за телефон. Бидејќи нема суштинска поврзаност со овој манипулативен трошок и цената што се плаќа за реализираниот телекомуникациски сообраќај, со доведувањето на овие трошоци во зависност со вредноста од реализираниот сообраќај што се наплатува преку месечните сметки за телефон, а не во зависност со стварните трошоци се постапува спротивно на членот 8 од Законот за облигационите односи. На овој начин граѓаните се доведуваат во состојба кога за изготвување на нивните сметки се прават еднакви стварни трошоци, а тие плаќаат нееднаква цена на тие трошоци во зависност од направените телекомуникациски трошоци.

Впрочем, видливо е од судската пракса дека Уставниот суд прифатил одлука со слична содржина донесена од истото акционерско друштво дека претставува пропис и ја поништил. Имено, Уставниот суд на Република Македонија со Одлука У.бр.217/2001 од 17.07.2002 година, ја поништил Одлуката за определување на надоместокот за добивање на телефонски приклучок, донесена од Извршниот директор на АД "Македонски телекомуникации" на 13 јуни 2001 година. Со оваа одлука, судот оспорениот акт го третирал како пропис со кој се воведува јавна давачка што граѓаните треба да ја платат на претпријатие кое врши дејност од јавен интерес и тоа било доволен основ судот согласно член 73 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија да ја донесе одлуката за поништување на оваа одлука.

Оттука, имајќи ги во предвид наведените причини, сметам дека членот 1, точка 2 од Одлуката за измена на регулирани цени на телекомуникациски услуги бр. 20692/1 од 24 април 2003 година, и точката 1.4.7.7. од Ценовникот за телекомуникациски услуги, донесени од АД "Македонски телекомуникации" - Скопје, се во спротивност со член 8, став 1, алинеја 3, 6 и 7, како и со членовите 33 и 68 од Уставот на Република Македонија, како и со член 8 од Законот за облигационите односи.

30 март 2005 година Скопје

Судија на Уставниот суд на Република Македонија,
Мирјана Лазарова Трајковска, с.р.

ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ ИЗДАНИЈАТА:

Р.бр		*Цена*
1.	**Збирки прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004*	
а)	**I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст)*	**900.00**
б)	**II книга** – *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност)*	**600.00**
в)	**III книга** – *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита)*	**700.00**
г)	**IV книга** – *(Закон за управување со отпадот; Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)*	**500.00**
д)	**Комплет од четирите книги - Збирки на законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од**	**2100.00**
2.	**Закон за кривичната постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)**	**900.00**
3.	**Закон за трговските друштва,** со вовед, *2004*	**800.00**
4.	**Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година**	**5200.00**
5.	**Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година**	**1500.00**
6.	**Кривичен законик** од *д-р Владо Камбовски* *(со измените и дополнувањата од 1999 и 2002 година со краток коментар, објаснувања и регистар на поими)* **плус Додаток со измените и дополнувањата на КЗ од 2003 и 2004 година**	**600.00**

ПОРАЧКА

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

Порачател: _____

Место: _____, **ул.** _____, **бр.** _____, **тел./факс** _____

Потпис на порачателот

Во _____, _____**2005 година.** **(М.П.)** _____

ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ

Поединечни и Комплет

CD-ROM изданија за

2001, 2002, 2003 и 2004 година

- **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година 5200.00**
- **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година 1500.00**

ПОРАЧКА

1. Порачуван _____ примерок-ци од **комплет** CD-ROM изданијата.
2. Порачуван _____ примерок-ци од CD ROM изданието за _____ година; _____ примерок-ци од CD ROM изданието за _____ година; _____ примерок-ци од CD ROM изданието за _____ година.

Име и презиме: _____ Назив на фирмата: _____

Адреса: _____ Место: _____

Телефон: _____ Телефакс: _____ e-mail: _____

(М.П) Нарачател,

_____

==========

Доказ за извршена уплата на жиро сметка 300000000188798 и порачката испратете ги на адреса на ЈП Службен весник на РМ, бул. „Партизански одреди" 29, Скопје, п.фах 51 или на телефакс +389-2-311-22-67

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.